# Службен гласник
## на Општина Валандово

Број 7 22.08.2023, вторник

www.valandovo.gov.mk

**С О Д Р Ж И Н А**

**Градоначалник на општина Валандово:**

1. **Решение** за разрешување на директорот на Јавното претпријатие „Комунален сервис“ Валандово .... 3
2. **Решение** за именување вршител на должноста директор на Јавното претпријатие „Комунален сервис“ Валандово........................................................................ 3

**Совет на Општина Валандово:**

**1.Решение** за објавување на Решение за именување на вршител на должност член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Комунален сервис“ Валандово..........................................4
**2.Решение** за именување на вршител на должност член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Комунален сервис“ Валандово........................................................................4
**3.Решение** за објавување на Одлуката за донесување на Годишна Програма за работа на ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово за учебната 2023/2024 година....................……………………………………......4
**4.Одлука** за донесување на Годишна Програма за работа на ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово за учебната 2023/2024 година ..............................................................4
**5.Решение** за објавување на Одлуката за донесување на Годишна Програма за работа на ООУ „Страшо Пинџур” Јосифово за учебната 2023/2024 година..................................................................................5
**6.Одлука** за донесување на Годишна Програма за работа на ООУ „Страшо Пинџур” Јосифово за учебната 2023/2024 година ….........................................................5
**7.Решение** за објавување на Одлуката за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за учебната 2023/2024 година …….............….…………………………........5
**8.Одлука** за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за учебната 2023/2024 година..................................................................................5
**9. Решение** за објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на ЈП ”Комунален Сервис” Валандово ……...........…………………….............................6
**10. Одлука** за одобрување на финансиски средства на ЈП ”Комунален Сервис” Валандово.........................................6
**11.Решение** за објавување на Одлуката за одобрување на средства за финансиска поддршка за одржување на традиционален меморијален рок концерт „ЦАЛЕ 2023“ во с. Јосифово.................………….............................................6
**12.Одлука** за одобрување на средства за финансиска поддршка за одржување на традиционален меморијален рок концерт „ЦАЛЕ 2023“ во с. Јосифово ….......................6
**13.Решение** за објавување на Одлуката за одобрување финансиска помош за санирање на штета на индивидуална семејна куќа сопственост на Фатиме Ибраимова од с.Чалакли, Општина Валандово …............7
**14.Одлука** за одобрување финансиска помош за санирање на штета на индивидуална семејна куќа сопственост на Фатиме Ибраимова од с.Чалакли, Општина Валандово..........................................................7
**15.Решение** за објавување на Одлуката за одобрување средства за реализација на програмски активности на Општинскиот против – пожарен сојуз Доброволно противпожарно друштво Валандово..................................7
**16.Одлука** за одобрување средства за реализација на програмски активности на Општинскиот против – пожарен сојуз Доброволно противпожарно друштво Валандово...........................................................................7

**17.Решение** за објавување на Одлуката за одобрување на финансиска поддршка на Младински сојуз Крушево за реализација на фестивалот "Доживеј ја соработката"…………………...............................................8
**18.Одлука** за одобрување на финансиска поддршка на Младински сојуз Крушево за реализација на фестивалот "Доживеј ја соработката"………………………….….......8
**19.Решение** за објавување на Одлуката за донесување план за парцелација за ГП 395 од ДУП Валандово на дел од КП 3039, КО Валандово..................................................8
**20.Одлука** за донесување план за парцелација за ГП 395 од ДУП Валандово на дел од КП 3039, КО Валандово .....9
**21.Решение** за објавување на Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на населено место Јосифово...........................9
**22.Одлука** за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на населено место Јосифово...........................................................................9
**23.Решение** за објавување на Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2023 година до 30.06.2023 година ...................................................................................9
**24.Заклучок** за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2023 година до 30.06.2023 година...........................9
**25.Решение** за објавување на Заклучокот за давање согласност на Годишниот план за вработување на Општина Валандово за 2024 година.................................10
**26.Заклучок** за давање согласност на Годишниот план за вработување на Општина Валандово за 2024 година................................................................................10
**27.Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за јавната безбедност и безбедност на сообраќајот на подрачјето на Општина Валандово во првите шест месеци од 2023 година.................................10
**28.Заклучок** за усвојување на Информацијата за јавната безбедност и безбедност на сообраќајот на подрачјето на Општина Валандово за првото полугодие од 2023 година................................................................................10
**29.Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работа на ООУ "Јосип Броз Тито" Валандово за учебната 2022/2023 година................................................................................10
**30.Заклучок** за усвојување на Годишниот Извештај за работата на ООУ „Јосип Броз Тито"- Валандово за учебната 2022/2023 година...............................................11
**31.Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работа на ООУ "Страшо Пинџур" Јосифово за учебната 2022/2023 година................................................................................11
**32.Заклучок** за усвојување на Годишниот Извештај за работата на ООУ „Страшо Пинџур" Јосифово во учебната 2022/2023 година...............................................................11
**33.Решение** за објавување на Заклучокот за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за 2024 година...............................11
**34.Заклучок** за давање согласност на Годишниот план за вработување на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка „Калинка" Валандово за 2024 година...............................................................................11
**35.Решение** за објавување на Заклучокот за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУ Дом на култура „25 Мај" Валандово за 2024 година...............................................................................12
**36.Заклучок** за давање согласност на Годишниот план за вработувањена Јавната општинска установа Дом на културата „25-ти Мај" Валандово за 2024 година.............12

Врз основа на член 24-а став 1 алинеја 1 и став 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96, 6/2002,40/2003,49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22 ), член 16 став 1 алинеја 1 од Договорот за уредување на односите со Јавното претпријатие „Комунален сервис“ Валандово бр.09-25/7 од 25.01.2022 година и бр.03-52/1 од 25.01.2022 година, член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесува

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на директорот на Јавното претпријатие „Комунален сервис“ Валандово**

**1.** Емилија Заева Костова **СЕ РАЗРЕШУВА** од директор на Јавното претпријатие „Комунален сервис“ Валандово, на нејзино барање, согласно член 24-а став 1 алинеја 1 од Законот за јавните претпријатија а во врска со член 16 став 1 алинеја 1 од Договорот за уредување на односите со Јавното претпријатие „Комунален сервис“ Валандово.

**2.** Функцијата Директор на Јавното претпријатие „Комунален сервис“ Валандово ќе ја извршува до назначување на нов директор на претпријатијето од страна на Градоначалникот на Општина Валандово.

**3.** Решението влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општина Валандово“.

**О б р а з л о ж е н и е**

Директор на Јавното претпријатије „Комунален сервис“ Валандово Емилија Заева Костова на ден 18.07.2023 година, во архивата на Општина Валандово има поднесено Барање за престанок на функцијата Директор на Јавното претпријатије „Комунален сервис“ Валандово, заведено под бр.09-747/1 од 18.07.2023 година. Во барањето се наведува дека истото го поднесува поради лични причини.

Почитувајќи ја волјата на барателот дека се откажува од вршењето на функцијата Директор на Јавното претпријатије „Комунален сервис“ Валандово а имајќи ги во предвид одредбите од член 24-а став 1 алинеја 1 од Законот за јавните претпријатија и член 16 став 1 алинеја 1 од Договорот за уредување на односите со Јавното претпријатие „Комунален сервис“ Валандово, се одлучи како во диспозитивот на Решението.

Незадоволната страна од Решението може да бара заштита на своите права пред надлежен суд.

Бр.09-747/2 Градоначалник
19.07.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 24-а став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96, 6/2002,40/2003,49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22 ), член 50 став 1 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесува

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување вршител на должноста директор на Јавното претпријатие „Комунален сервис“ Валандово**

**1.** За вршител на должноста директор на Јавното претпријатие „Комунален сервис“ Валандово, до изборот на нов директор, **СЕ ИМЕНУВА** Глигорије Џилвиџиев од Валандово со завршено високо образование VII/1 степен.

**2.** Вршителот на должноста од точка 1 на оваа Решение, со вршење на должноста ќе отпочне од 20.07.2023 година.

**3.** Решението влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општина Валандово“.

**О б р а з л о ж е н и е**

Поради причини од член 24-а став 1 алинеја 1 од Законот за јавните претпријатија, Градоначалникот на Општина Валандово донесе Решение за разрешување на директорот на Јавното претпријатие „Комунален сервис“ Валандово.

При разрешувањето на директорот, согласно член 24-а став 3 од истиот Закон, обврска на Градоначалникот е, до изборот на нов директор, во рок од пет дена од донесувањето на одлуката за разрешување, да именува вршител на должноста директор на јавното претпријатие, кој должноста ќе ја извршува не подолго од шест месеци .

Имајќи го тоа во предвид се одлучи како во диспозитивот на решението.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Решение може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот.

Бр.09-753/1 Градоначалник
19.07.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението за именување на вршител на должност член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Комунален сервис“ Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Решението за именување на вршител на должност член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Комунален сервис“ Валандово, што Советот на Општина Валандово го донесе на дваесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 21.08.2023 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-812/17 | Градоначалник |
| 22.08.2023 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 17-ѓ, 26 и 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/1996, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и („Службен весник на РСМ“ бр.275/19, 89/22 и 274/22), член 36 став 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 42 и член 50 став 2 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 21.08.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на вршител на должност член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Комунален сервис“ Валандово**

**1.** Од член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Комунален сервис“ Валандово, со Решение за разрешување на член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Комунален сервис“ Валандово бр.08-60/11 од 23.06.2023 година, по сопствено барање беше разрешен Мартин Катиќ.

**2.** За вршител на должност член на Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈП „Комунален сервис“ Валандово се именува:

- Катерина Беловинова.

**3.** Оваа Решение влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

| | |
|---|---|
| Бр.08-85/17 | Совет на Општина Валандово |
| 21.08.2023 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за донесување на Годишната програма за работа на ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово за учебната 2023/2024 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за донесување на Годишната програма за работа на ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово за учебната 2023/2024 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 21.08.2023 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-812/6 | Градоначалник |
| 22.08.2023 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 49 став 8 од Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ бр. 161/19 и 229/20), член 36 став 1 точка 6 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 29 и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на дваесет и четвртата редовна седница одржана на ден 21.08.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на Годишна Програма за работа на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово за учебната 2023/2024 година**

**Член 1**

**СЕ ДОНЕСУВА** Годишна Програма за работа на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово за учебната 2023/2024 година, предложена од Училишниот одбор на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово со Одлука бр.02-367/3 од 08.08.2023 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

| | |
|---|---|
| Бр.08-85/6 | Совет на Општина Валандово |
| 21.08.2023 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за донесување на Годишна програма за работа на ООУ „Страшо Пинџур” Јосифово за учебната 2023/2024 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за донесување на Годишна програма за работа на ООУ „Страшо Пинџур” Јосифово за учебната 2023/2024 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 21.08.2023 година.

Бр.09-812/8 Градоначалник
22.08.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 49 став 8 од Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ бр. 161/19 и 229/20), член 36 став 1 точка 6 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 29 и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на дваесет и четвртата редовна седница одржана на ден 21.08.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на Годишна Програма за работа на ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово за учебната 2023/2024 година**

**Член 1**

**СЕ ДОНЕСУВА** Годишна Програма за работа на ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово за учебната 2023/2024 година, предложена од Училишниот одбор на ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово со Одлука бр.09-195/5 од 14.08.2023 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-85/8 Совет на Општина Валандово
21.08.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за учебната 2023/2024 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за учебната 2023/2024 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 21.08.2023 година.

Бр.09-812/11 Градоначалник
22.08.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 28 став 4 од Законот за средното образование („Службен весник на РМ“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17, 64/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.229/20) и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 11, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 21.08.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за учебната 2023/2024 година**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** за формирање на паралелки со помал број на ученици од 25 во СОУ „Гоце Делчев“ Валандово, за учебната 2023/2024 година и тоа:

- една паралелка во прва година за гимназиско образование на македонски наставен јазик со 5 ученици;
- една паралелка со 14 ученици во стручно образование (со зголемен број часови по практично образование поминати во компанија) за образовен профил техничар за комјутерско управување од машинска струка на македонски наставен јазик со четиригодишно траење на образованието;
- една паралелка со 7 ученици во стручно образование (со зголемен број часови по практично образование поминати во компанија) за образовен профил дентален асистент од здравствена струка на македонски наставен јазик со четиригодишно траење на образованието;
- една комбинирана паралелка со 5 ученици во стручно образование за образовен профил техничар за фитомедицина / агротехничар од земјоделско - ветеринарна струка на македонски наставен јазик со четиригодишно траење на образованието.

**Член 2**

Согласноста се дава по претходно добиено позитивно мислење од Министерството за образование и наука, бр. 13-6592/35 од 20.07.2023 заведено под бр.10-662/4 од 24.07.2023 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-85/11 Совет на Општина Валандово
21.08.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на ЈП „Комунален Сервис” Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за одобрување на финансиски средства на ЈП „Комунален Сервис” Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 21.08.2023 година.

Бр.09-812/12 Градоначалник
22.08.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово Советот на Општина Валандово на дваесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 21.08.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства на ЈП ”Комунален Сервис” Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука, од Буџетот на Општина Валандово на Јавното претпријатије ”Комунален Сервис” Валандово му се одобруваат средства во износ од 2.000.000,00 денари за подмирување на наталожените долгови за електрична енергија.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се трансферират од Буџетот на Општина Валандово, програма Е0, ставка 464 – други трансфери, на сметката на Јавното претпријатие ”Комунален Сервис” Валандово.

**Член 3**

Корисникот е должен, одобрените средства, согласно член 1 од оваа Одлука, наменски да ги употреби и за истите во рок од 15 дена од нивната реализација да достави финансиски извештај со фотокопија од документацијата за намената за која се искористени.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-85/12 Совет на Општина Валандово
21.08.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одобрување на средства за финансиска поддршка за одржување на традиционален меморијален рок концерт “ЦАЛЕ 2023” во с.Јосифово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за одобрување на средства за финансиска поддршка за одржување на традиционален меморијален рок концерт “ЦАЛЕ 2023” во с.Јосифово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 21.08.2023 година.

Бр.09-812/13 Градоначалник
22.08.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 21.08.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за одобрување на средства за финансиска поддршка за одржување на традиционален меморијален рок концерт „ЦАЛЕ 2023“ во с. Јосифово**

**Член 1**

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово, се одобруваат средства во износ од 30.000,00 денари на КУД Младост Јосифово, Валандово, како финансиска поддршка од Општина Валандово за одржаниот традиционален меморијален рок концерт „ЦАЛЕ 2023“ во с.Јосифово.

**Член 2**

Средства од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Програма К4 - културни манифестации и творештво, подставка 464990 - други трансфери, на сметка на организаторот Културно уметничко друштво Младост с.Јосифово, Валандово бр.200000004651336 Стопанска Банка АД Скопје.

**Член 3**

Корисникот е должен, одобрените средства, наменски да ги употреби и за истите во рок од 15 дена од нивната реализација да достави финансиски извештај со фотокопија од документацијата за намената за која се искористени.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-85/13 Совет на Општина Валандово
21.08.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одобрување финансиска помош за санирање на штета на индивидуална семејна куќа сопственост на Фатиме Ибраимова од с.Чалакли, Општина Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за одобрување финансиска помош за санирање на штета на индивидуална семејна куќа сопственост на Фатиме Ибраимова од с.Чалакли, Општина Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 21.08.2023 година.

Бр.09-812/14 Градоначалник
22.08.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ сл.весник на РМ.бр.5/2002) и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на дваесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 21.08.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување финансиска помош за санирање на штета на индивидуална семејна куќа сопственост на Фатиме Ибраимова од с.Чалакли, Општина Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово се одобруваат средства во износ од 90.000,00 денари, како финансиска помош на општината, за санирање на штета на индивидуална семејна куќа сопственост на Фатиме Ибраимова од с.Чалакли, Општина Валандово предизвикана од силното невреме кое се случи на ден 05.07.2023 година.

**Член 2**

Средствата за реализација на помошта ќе се исплатат од програма А0 Совет на Општина, подставка 413110 Тековни резерви, на име Фатиме Ибраимова со ЕМБГ 2904951468006 бр. на сметка 270700061505127 депонент ХАЛК Банка АД Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Валандово.

Бр.08-85/14 Совет на Општина Валандово
21.08.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одобрување средства за реализација на програмски активности на Општинскиот против – пожарен сојуз Доброволно противпожарно друштво Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за одобрување средства за реализација на програмски активности на Општинскиот против – пожарен сојуз Доброволно противпожарно друштво Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 21.08.2023 година.

Бр.09-812/15 Градоначалник
22.08.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесет и четвртата редовна седница одржана на ден 21.08.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување средства за реализација на програмски активности на Општинскиот против - пожарен сојуз Доброволно противпожарно друштво Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово, се одобруваат средства во износ од 30.000,00 денари, на Општинскиот Против-пожарен сојуз Доброволно противпожарно друштво Валандово, за реализација на програмските активности.

**Член 2**

Исплатата на средствата да се изврши од програма АО-Совет на општина, подставка 463110 – трансфери до здруженија на граѓани и фондации, на име Општински Против-пожарен сојуз Доброволно противпожарно друштво Валандово со ЕДБ 4003023504700, број на трансакциска сметка 210076810460135 депонент НЛБ Банка АД Скопје.

**Член 3**

Корисникот е должен, одобрените средства, наменски да ги употреби и за истите во рок од 15 дена од нивната реализација да достави финансиски извештај со фотокопија од документацијата за намената за која се искористени.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-85/15 Совет на Општина Валандово
21.08.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одобрување на финансиска поддршка на Младински сојуз Крушево за реализација на фестивалот "Доживеј ја соработката"**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за одобрување на финансиска поддршка на Младински сојуз Крушево за реализација на фестивалот "Доживеј ја соработката", што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 21.08.2023 година.

Бр.09-812/16 Градоначалник
22.08.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесет и четвртата редовна седница одржана на ден 21.08.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиска поддршка на Младински сојуз Крушево за реализација на фестивалот "Доживеј ја соработката"**

**Член 1**

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово, се одобруваат средства во износ од 30.000,00 денари, на Младинскиот сојуз Крушево за реализација на фестивалот "Доживеј ја соработката" кој ќе се одржи на 02.09.2023 година во Валандово.

**Член 2**

Исплатата на средствата да се изврши од програма АО-Совет на општина, подставка 463190 - Останати трансфери до невладини организации, на име Младинскиот сојуз Крушево ЕМБС 5639662 и ЕДБ 4016999102989, на трансакциска сметка бр. 300300000001573 депонент Комерцијална Банка АД Скопје.

**Член 3**

Корисникот е должен, одобрените средства, наменски да ги употреби и за истите во рок од 15 дена од нивната реализација да достави финансиски извештај со фотокопија од документацијата за намената за која се искористени.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-85/16 Совет на Општина Валандово
21.08.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за донесување план за парцелација за ГП 395 од ДУП Валандово на дел од КП 3039, КО Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за донесување план за парцелација за ГП 395 од ДУП Валандово на дел од КП 3039, КО Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 21.08.2023 година.

Бр.09-812/18 Градоначалник
22.08.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 20, став 3 а во врска со член 63 став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр. 32/20), член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002") и член 21 став 1, точка 7 и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 21.08.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за донесување план за парцелација за ГП 395 од ДУП Валандово на дел од КП 3039, КО Валандово, Општина Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува план за парцелација за ГП 395 од ДУП Валандово на дел од КП 3039, КО Валандово, Општина Валандово, со технички број 011-ПП/2022 од Декември 2022 година изработен од УРБАН ПЛАНЕР ДООЕЛ Гостивар

**Член 2**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Валандово, да постапи согласно член 20 став 3 и член 63 став 9 од Законот за урбанистичко планирање.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-85/18 Совет на Општина Валандово
21.08.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 21.08.2023 година.

Бр.09-812/19 Градоначалник
22.08.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 23 став 3 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на РМ" бр. 62/2004, 89/2008, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 39/16, 53/16, 71/16 и „Службен весник на РСМ" бр. 31/20), член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 21.08.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на населено место Јосифово, Општина Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Валандово, за време на големиот христијански празник Успение на Пресвета Богородица воедно и патронен празник на 26, 27 и 28.08.2023 година (сабота, недела и понеделник), ГО ПРОДОЛЖУВА работното време на угостителските објекти на подрачјето на населено место Јосифово, за два часа.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-85/19 Совет на Општина Валандово
21.08.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2023 година до 30.06.2023 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2023 година до 30.06.2023 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на дваесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 21.08.2023 година.

Бр.09-812/2 Градоначалник
22.08.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на дваесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 21.08.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2023 година до 30.06.2023 година**

**1. СЕ УСВОЈУВА** Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2023 година до 30.06.2023 година, на вкупно остварени приходи од 134.765.863,00 денари, односно 48.62% од планираните приходи и на извршени расходи од

122.641.653,00 денари, односно 44,25 % од планираните расходи.

**2.** Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-85/2 Совет на Општина Валандово
21.08.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за давање согласност на Годишниот план за вработување на Општина Валандово за 2024 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за давање согласност на Годишниот план за вработување на Општина Валандово за 2024 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на дваесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 21.08.2023 година.

Бр.09-812/3 Градоначалник
22.08.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и Службен весник на РСМ“ бр.143/19 и 14/20), член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), и член 45 и 48, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на дваесет и четвртата редовна седница одржана на ден 21.08.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за давање согласност на Годишниот план за вработување на Општина Валандово за 2024 година**

**1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Годишниот план за вработување на Општина Валандово за 2024 година, бр.01-803/1 од 11.08.2023 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-85/3 Совет на Општина Валандово
21.08.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за јавната безбедност и безбедност на сообраќајот на подрачјето на Општина Валандово во првите шест месеци од 2023 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за усвојување на Информацијата за јавната безбедност и безбедност на сообраќајот на подрачјето на Општина Валандово во првите шест месеци од 2023 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на дваесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 21.08.2023 година.

Бр.09-812/4 Градоначалник
22.08.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 и член 62, во врска со член 22 став 1 точка 11 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 21 став 1 точка 29 и член 45, во врска со член 15 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 21.08.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Информацијата за јавната безбедност и безбедност на сообраќајот на подрачјето на Општина Валандово за првото полугодие од 2023 година**

**1. СЕ УСВОЈУВА** Информацијата за јавната безбедност и безбедност на сообраќајот на подрачјето на Општина Валандово за првото полугодие од 2023 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-85/4 Совет на Општина Валандово
21.08.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работа на ООУ “Јосип Броз Тито” Валандово за учебната 2022/2023 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работа на ООУ “Јосип Броз Тито” Валандово за учебната 2022/2023 година, што Советот на

Општина Валандово го донесе на дваесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 21.08.2023 година.

Бр.09-812/5 Градоначалник
22.08.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 31 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 21.08.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Годишниот Извештај за работата на ООУ „Јосип Броз Тито“- Валандово за учебната 2022/2023 година**

**1.** **СЕ УСВОЈУВА** Годишниот Извештај за работата на ООУ „Јосип Броз Тито“- Валандово за учебната 2022/2023 година, на кој Училишниот одбор на ООУ „Јосип Броз Тито“- Валандово, има дадено согласност со Одлука бр.02-367/4 од 08.08.2023 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-85/5 Совет на Општина Валандово
21.08.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работа на ООУ “Страшо Пинџур” Јосифово за учебната 2022/2023 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работа на ООУ “Страшо Пинџур” Јосифово за учебната 2022/2023 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на дваесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 21.08.2023 година.

Бр.09-812/7 Градоначалник
22.08.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 31 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 21.08.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Годишниот Извештај за работата на ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово во учебната 2022/2023 година**

**1.** **СЕ УСВОЈУВА** Годишниот Извештај за работата на ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово во учебната 2022/2023 година, на кој Училишниот одбор на ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово, има дадено согласност со Одлука бр.09-195/6 14.08.2023 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-85/7 Совет на Општина Валандово
21.08.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУДГ „Калинка” Валандово за 2024 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУДГ „Калинка” Валандово за 2024 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на дваесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 21.08.2023 година.

Бр.09-812/9 Градоначалник
22.08.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и Службен весник на РСМ“ бр.143/19 и 14/20), член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), и член 45 и 48, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на дваесет и четвртата редовна седница одржана на ден 21.08.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за давање согласност на Годишниот план за вработување на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Калинка“ Валандово за 2024 година**

**1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Годишниот план за вработување на Јавната општинска установа за деца-

Детска градинка „Калинка“ Валандово за 2024 година, бр.01-65/1 од 26.07.2023 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-85/9 Совет на Општина Валандово
21.08.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУ Дом на култура „25 Мај” Валандово за 2024 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУ Дом на култура „25 Мај” Валандово за 2024 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на дваесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 21.08.2023 година.

Бр.09-812/10 Градоначалник
22.08.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и Службен весник на РСМ“ бр.143/19 и 14/20), член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), и член 45 и 48, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на дваесет и четвртата редовна седница одржана на ден 21.08.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за давање согласност на Годишниот план за вработување на Јавната општинска установа Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово за 2024 година**

1. **СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Годишниот план за вработување на Јавната општинска установа Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово за 2024 година, бр.01-34/1 од 14.08.2023 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-85/10 Совет на Општина Валандово
21.08.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---